# КОДЕКС НА ОБЛЕКУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ООУ„Љубен Лапе“- Аеродром, Скопје

Кодексот на облекување се однесува на облеката која што треба учениците да ја носат додека се присутни во училиштето или изведуваат училишни активности надвор од него. Овој кодекс се однесува на тоа да се даде впечаток на примерност на сите ученици.

Кодексот за облекување на учениците има за цел:

- намалување на конкуренцијата на учениците врз основа на облеката.
- ја поддржува посветеноста на училиштето да се осигура дека учениците се чувствуваат еднакви и се облечени безбедно и соодветно за училишните активности.
- да го поттикне чувството за заедница и припадност.
- подобрување на профилот и идентитетот на училиштето и неговите ученици во пошироката заедница.

Согласно целите на училиштето, ООУ „Љубен Лапе“ воведува задолжително носење на училишна облека, која се состои од следното:

- Поло блуза со долги и кратки ракави во бела боја, со амблем во пределот на градите на кој е нашиен називот на училиштето и грбот на Општина Аеродром.
- Дуксер во тегет боја, со амблем во пределот на градите на кој е нашиен називот на училиштето и грбот на Општина Аеродром.

Со напомена дека:

- Училишната облека е **задолжителна за сите ученици** за време на часовите, како и за време на сите училишни активности кои се изведуваат во или надвор од училишната зграда.

- Училишната облека треба да биде секогаш чиста, уредна и во добра состојба. Должината на здолништата треба да биде до или под колената.

- Неприфатливо за учениците во училиштето е носење на чевли со високи потпетици, капи, пирсинг, вештачки додатоци како нокти, трепки и слично, облека која е истуткана и нечиста.


Општинско основно училиште
„Љубен Лапе“
Општина Аеродром, Скопје

Ул. Васко Карангелески, бр.2,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

+389 2
2452091www.oouljubenlape.edu.m
k
ljuben_lape@yahoo.com

CamScanner

- Училишната облека не смее да се украсува со модни детали (беџови, марами, и слично), освен во одредени прилики по добиена согласност од одделенскиот/класниот раководител.

- Од родителите и учениците се очекува да го почитуваат овој кодекс на облекување. Доколку некој ученик не е во можност да ја носи задолжителната училишна облека одреден ден поради оправдани причини, родителот е должен до училиштето да достави изјава во која се објаснети причините за тоа.

Директор
Фоника Станоева

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
ЉУБЕН ЛАПЕ
Аеродром-Скопје


Општинско основно училиште
„Љубен Лапе“
Општина Аеродром, Скопје

Ул. Васко Карангелески, бр.2,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

+389 2
2452091www.oouljubenlape.edu.m
k
ljuben_lape@yahoo.com